# ОТВОРЕН ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ИТ КОМПАНИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДИГИТАЛНА ПЛАТФОРМА ЗА ЦИРКУЛАРНА И ЗЕЛЕНА ЕКОНОМИЈА

Бр.15/640/1
17-6-2024 година

**ПРЕДМЕТ:**
**ОТВОРЕН ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ИТ КОМПАНИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДИГИТАЛНА ПЛАТФОРМА ЗА ЦИРКУЛАРНА И ЗЕЛЕНА ЕКОНОМИЈА**

**Проект:** Циркуларна и зелена економија базирана на соработка наука - бизнис имплементиран од Универзитетот Гоце Делчев – Штип како главен партнер и Стопанската комора на Северна Македонија како партнер. Проектот е поддржан (ко-финансиран) од Министерство за економија согласно Договор за соработка Бр. 72016522CA00001

**Проектна активност:** Изработка на платформа за циркуларна и зелена економија достапна преку веб – страната на Стопанската комора на Северна Македонија и Универзитетот Гоце Делчев - Штип

**Цел:** Примена на концептот на циркуларна и зелена економија преку поголема соработка помеѓу академијата и бизнис секторот

**Основ за остварување на активноста:** Договор
**Вид на активност:** Изработка на Платформа за циркуларна и зелена економија компании
**Времетраење на активноста:** Три месеци

---

**Датум на објава на повикот: 17-6-2024**
**Краен рок за аплицирање: 26-6-2024**
**Рок на важност на апликацијата:** 90 дена
**Вкупна вредност:** 610.000 денари

ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

1. Партнерска држава..........................................................................2
2. Договорен орган...............................................................................2
3. Основни информации.......................................................................2
4. Вид на постапка.................................................................................2

АКТИВНОСТИ И ЦЕЛИ

1. Цел.....................................................................................................3
2. Активности.........................................................................................3

БАРАЊА ЗА КАНДИДАТИТЕ

1. Критериуми за евалуација и избор на компании............................ 3
2. Потребни документи за комплетна апликација...............................3

ОПШТИ ПОДАТОЦИ

1. **Партнерска држава:**

Северна Македонија

2. **Договорен орган:**

Стопанска комора на Северна Македонија
„Димитрие Чуповски“ бр.13, 1000 Скопје

Контакт лице:
*Јадранка Аризанковска, Проектен менаџер*
*Телефон: +389 2 3244 038*
*Е-адреса: jadranka@mchamber.mk*

3. **Основни информации:**

Стопанската комора на Северна Македонија во партнерство со Универзитетот Гоце Делчев – Штип отпочна проект за Циркуларна и зелена економија базирана на соработка наука – бизнис, поддржан и ко-финансиран од страна на Министерството за економија на РСМ преку Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2023 година, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 83/2023), дел II, област А, Имплементација на индустриската политика, мерка 4, Поттикнување на иновативни и колаборативни пилот проекти поврзани со специјализација, зелена и дигитална трансформација во четворен хеликс.
Целта на проектот е иницираат и применат нови современи концепти на циркуларна и зелена економија во бизнис секторот преку соработка со науката и академијата.
Генералната констатација е дека македонските компании имаат низок степен на
Примена на моделите на циркуларна и зелена економија, слаба соработка со науката и недоволна искористеност на средствата кои се достапни за инвестиции во зелени проекти.
Поради тоа, се наметнува потреба од градење на нови дигитални алатки за интензивирање на соработката бизнис сектор и академија во овие обласасти, како и алатки за поголема информираност на компаниите за пристап до финансии за зелени проекти и научно-истражувачки капацитети кои можат да ги користат во процесот на имплементација на нови зелени и циркуларни бизнис модели.
Проектната активност за изработка на електронска Платформа за циркуларна и зелена економија во соработка со консултантска куќа ќе овозможи корисни информации за компаниите во сегментот на бизнис регулатива за областа, пристап до финансии, како и алатка за проценка на степенот на примена на концептот на циркуларна и зелена економија во рамки на одделни компании.

4. **Вид на постапка:**

Отворен јавен повик за прибирање апликации од заинтересирани консултантски компании објавен на веб страната на Стопанската комора на Северна Македонија. Изборот на компаниите ќе се врши во една фаза (без пре-селекција) од страна на Комисија за евалуација формирана во рамки на проектот согласно утврдените критериуми во овој повик и доставените апликации од страна на компаниите.

**Начин на аплицирање:**

Заинтересираните консултантски куќи треба да аплицираат со доставување на потребните документи наведени подолу во овој повик.
Контакт: е-адреса: jadranka@mchamber.mk
Телефон: +389 2 3244 038

Апликантите ќе добијат повратна порака за успешно примена апликација од администраторот на проектот.

АКТИВНОСТИ И ЦЕЛИ

1. **Активности**

Изработка на дигитална платформа за циркуларна и зелена економија, која би била хостирана во рамки на Стопанската комора на Северна Македонија и ќе биде дел од постоечкиот домен на Коморатa.
Оваа активност ќе се реализира преку ангажирање на ИТ компанија која за потребите на Проектот ќе ја испрограмира, дизајнира, тестира, стави во продукција оваа платформа.

**Технички детали**

**I. Хардверска и софтверска поддршка**

Техничката опрема и софтвер се во сопственост на Коморатa, и ќе бидат имплементирано On-premises. Детали:

- Серверски систем, Virtual machine host as presented:
    - SQL server
    - o Application IIS ASP MVC server
    - Redundancy
    - Complete backup
- Internet fixed connection
- On-premises based DNS serve

**A.Техничка спецификација на софтверската апликација**

Софтверот треба да ги обезбеди следните апликативни карактеристики:

1. Порталот ќе се хостира во рамки на Комората, и ќе биде дел од доменот *.mchamber.mk
2. Порталот треба да е повеќе јазичен (македонски и англиски)
3. Контрола на пристап до информации на порталот, според нивното корисничко име (CMS), и тоа:
   а) Пристап до одредени информаци на сите корисници.
   б) Пристап до корисници кои ќе вршат внес на информации на порталот.
   в) Пристап за администратор на порталот.
4. Обезбеден форум во кој интерактивно корисниците ќе можат да поставуваат прашања, изнесуваат проблеми и добиваат решенија и одговори на бараната информација.

**Б. Податоци кои треба да се дел од целиот систем:**

Апликацијата треба да содржи табели и информации за следните содржини:

1. Статични HTML базирани веб страници, кои ќе се пополнуваат од корисници задолжени за пополнување.

2. Динамички содржини, и тоа за:
    - Информации поврзани со циркуларна и зелена економија
    - Бизнис регулатива за циркуларна и зелена економија
    - Пристап до финансии и повици за финансирање на зелени проекти

- Научно-истражувачка инфраструктура (лабаратории, центри, опрема и сл.)
- Информации за услуги за компании
- Self-assessment Green Performance Toolkit

**В. Опис на апликативниот софтвер**

Апликативниот сотвер треба да ги содржи четирите претходно наведени модули, и тоа:

1. Администраторски дел за контрола на податоци и корисници (внес и измена на податоци внесени во системот, статични и динамични)
2. Форум за поставување прашања од најавените корисници поврзани со тематиката
3. Јавен дел од корисничките информации

Апликативниот софтвер за дел 1, 2 и 3 треба да се јавно достапни од јавна адреса.
Софтверот треба да овозможи внес на текстуални информации, слики, видеа и PDF документи.
Софтверот под точка 2 и 3 треба да овозможи пребарување на текстуални информации и PDF документи.

**Г. Дефицинија на корисници и нивен број**

- Администратор на целиот систем (2)
- Контрола и внес на податоци на порталот (3)
- Контрола на модулот за форум (1)
- Корисници од компании (неограничен број)

**Д. Финансиски детали**

- За изработка на целата апликација се предвидени 610.000 денари
- Изворниот код на апликацијата по завршеток на проектот ќе остане во сопственост на Комората

2. **Цели**

Да се изработи и одржува функционална веб – платформа која ќе содржи лесно достапни информации за компаниите поврзани со циркуларна и зелена економија.

БАРАЊА ЗА АПЛИКАНТИТЕ

## 1. Критериуми за евалуација и избор на компании

| Критериум | Бод |
|---|---|
| Референтна листа поврзана со испорачани слични активности | 35 |
| Понудено визуелно нацрт – решение (демо) | 45 |
| Квалитет на проектниот тим | 10 |
| **Финансиска понуда** | 10 |
| | 100 |

Во случај на ист број на освоени бодови во фазата на евалуација, предност ќе имаат компании членки на Стопанската комора на Северна Македонија.

## 2. Потребни документи за комплетна апликација

- Тековна состојба издадена во последните шест (6) месеци;
- Референтна листа на претходно испорачани слични услуги
- Биографија (CV) на главниот консултант и/или тимот што ќе работи
- податоци
- Финансиска понуда на меморандум на компанијата, заверена со потпис и печат од
- овластеното лице.

*** Доставувањето на потребната документација е задолжително, за апликацијата да се смета за целосна.**

**Контакт информации:**
Адреса: „Димитрие Чуповски“ бр.13, 1000 Скопје

Контакт лице

Јадранка Аризанковска, Проектен менаџер
Телефон: +389 2 3244 038
Мобилен: +389 72 236 711
Е-адреса: jadranka@mchamber.mk